МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за сточарството ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08,116/10, 23/13 и 149/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ, КАКО И НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТИ (*)

**Член 1**

Во Правилникот за формата и содржината на зоотехничките документи, како и начинот на пополнување на обрасците за издавање на зоотехничките документи* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/11 и 118/14) по членот 14–а се додава нова Глава VI и четири нови члена 14-б, 14-в, 14-г и 14-д кои гласат:

"VI. СОДРЖИНА НА ЗООТЕХНИЧКИТЕ ДОКУМЕНТ ОД ВИДОТ КОПИТАРИ

**Член 14-б**

Содржина на зоотехничкиот документ кои ги придружува приплодните копитари

Зоотехничкиот документ кои ги придружува приплодни копитари ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);

- име на матичната книга;

- матичен број на грлото;

- број на одгледувалиште;

- име и идентификациски број на грлото;

- датум на раѓање, раса, пол;

- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);

- име и адреса на одгледувачот;

- име и адреса на сопственикот;

- педигре на грлото;

- сите достапни резултати од перформанс тестови и резултатите од генетските тестови, вклучувајќи ги генетските особини и генетските дефекти кај самото грло и оние кај неговите родители и прародители;

- датум на осеменување или парење и идентификацискиот број на приплодниот пастув кај ждребните кобили и омиците;

- датум и местото на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и

(*) Овој правилник не е предмет на усогласување со Европското законодавство.

- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција.

(1) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за придружување на приплодни копитари се дадени во Прилог 14 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 14-в**

Содржина на зоотехничкиот документ за семе од приплодни пастуви

(1) Зоотехничкиот документ за семе од приплодни пастуви ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);

- име на матичната книга;

- матичен број на пастувот;

- број на одгледувалиште;

- име и идентификациски број на грлото;

- датум на раѓање, раса, пол;

- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);

- име и адреса на одгледувачот;

- име и адреса на сопственикот;

- педигре на приплодниот пастув;

- информации кои овозможуваат идентификација на семето, за резултатите од извршените тестови приплодните пастуви, за датумот на неговото собирање и за имињата и адресите на центарот за прибирање сперма или центарот за чување сперма;

- датум и место на испорака на зоотехничкиот документ,име и презиме како и потпис на лицето кое е овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и

- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за семе од пастуви се дадени во Прилог 15 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 14-г**

Содржина на зоотехничкиот документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод

(1) Зоотехничкиот документ за потеклото на јајце клетките од кобили наменети за приплод (грло дaвател) ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);

- име на матичната книга;

- матичен број на грлото;

- број на одгледувалиште;

- име и идентификациски број на грлото;

- датум на раѓање, раса, пол;

- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);

- име и адреса на одгледувачот;

- име и адреса на сопственикот;

- педигре на грлото;

- резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото;

- информации што овозможуваат идентификација на јајце клетката, датумот на незиното собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот;

- точно да се посочи бројот на јајце клетките кои треба да имаат иста мајка кога постои повеќе од една јајце-клетка во пајета за чување на јајце-клетки;

- датум и место на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и

- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод се дадени во Прилог 16 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 14-д**

Содржина на зоотехничкиот документ за ембриони од копитари

(1) Зоотехничкиот документ за потеклото на ембриони од копитари ги содржи следните податоци:

- име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција (издавач на зоотехничкиот документ);

- име на матичната книга;

- матичен број на грлото;

- број на одгледувалиште;

- име и идентификациски број на грлото;

- датум на раѓање, раса, пол;

- боја на грло и опис на телото (по глава, нозе и труп);

- име и адреса на одгледувачот;

- име и адреса на сопственикот;

- педигре на грлото;

- резултатите од тестовите кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото;

- информации што овозможуваат идентификација на ембрионот, датумот на неговото собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот;

- кога постои повеќе од еден ембрион за чување, треба точно да се посочи бројот на ембрионите кои треба да имаат иста мајка;

- датум и местото на испорака на зоотехничкиот документ, име и презиме како и потпис на лицето овластено од страна на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција која го издава зоотехничкиот документ и

- печат на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ).

(2) Формата и содржината на зоотехничкиот документ за ембриони од копитари се дадени во Прилог 17 кој е составен дел на овој правилник".

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-11333/4 Министер за земјоделство,

1 декември 2015 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.

**Прилог 14**

**Зоотехнички документ за приплодни копитари**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција на одгледувачи (издавач на зоотехничкиот документ)

___

Име на матичната книга: ___

Матичен број на грлото: ___

Број на одгледувалиште ___

Име и идентификациски број на грлото ___

Датум на раѓање ___ раса ___ пол ___

Боја на грло ___ и опис на телото (по глава, нозе и труп) ___

___

Име и адреса на одгледувачот: ___

Име и адреса на сопственикот: ___

Педигре на грлото

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: ............... | Матичен број: ............... | Матичен број: ............... |

Потекло:

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: ...............: | Матичен број: ............... | Матичен број: ............... |

Сите достапни резултати од перформанс тестови и резултатите од генетските тестови, вклучувајќи ги генетските особини и генетските дефекти кај самото грло и оние кај неговите родители и прародители:

___

Датум на осеменување или парење и идентификацискиот број на приплодниот пастув и за ждребните кобили и омиците ___

___

Датум___

Место___

___

Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 15**

**Зоотехнички документ за семе од приплодни пастуви**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиот документ);
______________________________________________________________

Име на матичната книга: ______________________________________________

Матичен број на пастувот: ____________________________________________

Број на одгледувалиште ______________________________________________

Име и идентификациски број на грлото _________________________________

Датум на раѓање _____________ раса _________________ пол ____________________

Боја на грло _________________ и опис на телото (по глава, нозе и труп) ____________
______________________________________________________________

Име и адреса на одгледувачот: _________________________________________

Име и адреса на сопственикот: _________________________________________

Педигре на грлото

| | | |
|---|---|---|
| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
| Матичен број: ............... | Матичен број: ............... | Матичен број: ............... |

Потекло:

| | | |
|---|---|---|
| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
| Матичен број: ...............: | Матичен број: ............... | Матичен број: ............... |

Информации кои овозможуваат идентификација на семето, за резултатите од извршените тестови приплодните пастуви, за датумот на неговото собирање и за имињата и адресите на центарот за прибирање сперма или центарот за чување сперма: ______________________________
______________________________________________________________

Датум____________

Место____________

______________________________

Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 16**

**Зоотехнички документ за јајце клетки од кобили наменети за приплод**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција (издавач на зоотехничкиотдокумент)

______________________________________________________________

Име на матичната книга: ____________________________________________

Матичен број на грлото: ____________________________________________

Број на одгледувалиште ____________________________________________

Име и идентификациски број на грлото ______________________________

Датум на раѓање ____________ раса ______________ пол ________________

Боја на грло ______________ и опис на телото (по глава, нозе и труп) __________

______________________________________________________________

Име и адреса на одгледувачот: ________________________________________

Име и адреса на сопственикот: ________________________________________

Педигре на грлото

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: .............. | Матичен број: .............. | Матичен број: .............. |

Потекло:

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: ..............: | Матичен број: .............. | Матичен број: .............. |

Резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото:

______________________________________________________________

Информации што овозможуваат идентификација на јајце клетката, датумот на незиното собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот

______________________________________________________________

Кога постои повеќе од една јајце-клетка во пајета за чување на јајце-клетки треба точно да се посочи бројот на јајце клетките кои трба да имаат иста мајка

______________________________________________________________

Датум____________

Место____________

______________________________
Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П

**Прилог 17**

**Зоотехнички документ за ембриони од копитари**

Име на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрена институција (издавач на зоотехничкиотдокумент) ______________________________

Име на матичната книга: ______________________________

Матичен број на грлото: ______________________________

Број на одгледувалиште ______________________________

Име и идентификациски број на грлото ______________________________

Датум на раѓање ____________ раса ______________ пол ______________

Боја на грло ______________ и опис на телото (по глава, нозе и труп) ____________

______________________________

Име и адреса на одгледувачот: ______________________________

Име и адреса на сопственикот: ______________________________

Педигре на грлото

Потекло:

| Татко | Татко на таткото | Мајка на таткото |
|---|---|---|
| Матичен број: .............. | Матичен број: .............. | Матичен број: .............. |

| Мајка | Татко на мајката | Мајка на мајката |
|---|---|---|
| Матичен број: ...............: | Матичен број: .............. | Матичен број: .............. |

Резултатите од тестовите, кои обезбедуваат научни гаранции за да се потврди потеклото:

______________________________

Информации што овозможуваат идентификација на ембрионот, датумот на неговото собирање и името и адресата на признатата организација на одгледувачи на копитари или одобрената институција и на примачот

______________________________

Кога постои повеќе од еден ембрион за чување, треба точно да се посочи бројот на ембрионите кои треба да имаат иста мајка

______________________________

Датум____________

Место____________

______________________________
Име, презиме и потпис на овластено лице

М.П